РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗДРУЖЕНИЕ ... ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА
TRANS... INTERNATIONAL-MACEDONIA
Бр. 0302 - 1515
18.12 2013 год.
Скопје

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Бр. 07-528

Скопје, 17-12- 2013 2013 година

До

**Транспаренси Интернешнл - Македонија**

**Ул. „Наум Наумовски Борче"бр.58**

**С к о п ј е**

Во врска со Вашата Жалба, поднесена против Министерството за правда, заведена во Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер под бр.07-528 на 25.10.2013 година, во прилог Ви го доставуваме Решението бр. 07-528 од 13.12.2013 година.

**Претседател,**
**Пеце Ташевски**

Подготвил: Макфирете Морина
Контолирал: Јорданка Стојкова
Одобрил: Ајтен Ибраими

Гоце Делчев бр.18 П.фах. 561 Скопје – Goce Delcev br.18 PO Box 561 Skopje тел./phone: +389 2 3127 453 факс/fax: +389 2 3118
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер постапувајќи по Жалбата изјавена од Транспаренси Интернешнл – Македонија, застапувано од Методи Зајков, Генерален секретар на Здружението, поднесена против Министерство за правда, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, врз основа на член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија" бр.13/2006, 86/2008 и 6/2010), на седницата одржана на 13 декември 2013 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата изјавена од Транспаренси Интернешнл – Македонија, застапувано од Методи Зајков, Генерален секретар на Здружението, поднесена против Министерство за правда, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер

„ 1. Дали Владата ја извести јавноста во врска со започнување на процесот на само оцена на земјата за спроведување на Конвенцијата на ОН против Корупција (UNCAC)?

2. Дали Владата обелодени информации за лицето одговорно за примање и доставување на информацијата?
3. Дали Владата го објави или на друг начин го направи достапен распоредот за процесот?
4. Дали граѓанското општество беше консултирано при подготвувањето на само оценката?
5. Доколку граѓанското општество беше консултирано при подготвувањето на само оценката кои здруженија беа косултирани и кога?
6. Дали само оценката беше објавена на интернет или на друг начин обезбедена за запознавање на граѓанското општество?
7. Дали Владата се согласи со посета на меѓународниот тим за надзор врз резултатите од само оценката?
8. Дали се случи посета на меѓународниот тим за надзор врз резултатите од само оценката?
9. Дали на граѓанскиот сектор му беше овозможено да даде свој прилог на меѓународниот тим за надзор врз резулатите од само оценката?
10. Дали граѓанскиот сектор беше повикан да даде техничка помош во дискусиите?
11. Дали на приватниот сектор му беше овозможено да даде свој прилог на меѓународниот тим за само оценка?
12. Дали Владата го објави целосниот извештај?
13. Дали Владата јавно ги објави резултатите на надзорот и планови за понатамошно спроведување на добиените препораки?" **СЕ ОДБИВА.**

Решението на Министерство за правда бр.19-3146/2 од 25.09.2013 година **СЕ ПОТВРДУВА.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, постапувајќи согласно член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја разгледа Жалбата бр.07-528 од 25.10.2013 година, изјавена од Транспаренси Интернешнл – Македонија, застапувано од Методи Зајков, Генерален секретар на Здружението, поднесена против Министерство за правда, по предметот Барање

за пристап до информации од јавен карактер, **ЈА ОДБИ како неоснована** и утврди дека Решението на Министерство за правда е правилно и врз закон засновано.

По разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот, Комисијата го констатира следното.

Како што се наведува во Жалбата, Транспаренси Интернешнл – Македонија поднело Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое побарал да му биде доставена по пошта фотокопија од следната информација:

„1. Дали Владата ја извести јавноста во врска со започнувањe на процесот на само оцена на земјата за спроведување на Конвенцијата на ОН против Корупција (UNCAC)?

2. Дали Владата обелодени информации за лицето одговорно за примање и доставување на информацијата?
3. Дали Владата го објави или на друг начин го направи достапен распоредот за процесот?
4. Дали граѓанското општество беше консултирано при подготвувањето на само оценката?
5. Доколку граѓанското општество беше консултирано при подготвувањето на само оценката кои здруженија беа косултирани и кога?
6. Дали само оценката беше објавена на интернет или на друг начин обезбедена за запознавање на граѓанското општество?
7. Дали Владата се согласи со посета на меѓународниот тим за надзор врз резултатите од само оценката?
8. Дали се случи посета на меѓународниот тим за надзор врз резултатите од само оценката?
9. Дали на граѓанскиот сектор му беше овозможено да даде свој прилог на меѓународниот тим за надзор врз резулатите од само оценката?
10. Дали граѓанскиот сектор беше повикан да даде техничка помош во дискусиите?
11. Дали на приватниот сектор му беше овозможено да даде свој прилог на меѓународниот тим за само оценка?
12. Дали Владата го објави целосниот извештај?
13. Дали Владата јавно ги објави резултатите на надзорот и планови за понатамошно спроведување на добиените препораки?“.

Министерството за правда во врска со ова барање донело Решение бр. 19-3146/2 од 25.09.2013 година, со кое Барањето за пристап до информации од јавен карактер го одбило.

Незадоволна од добиеното Решение, Транспаренси Интернешнл – Македонија, поднесе Жалба до Комисијата.

Комисијата, со допис бр.07-528 од 29.10.2013 година, ја препрати Жалбата до Министерството за правда и побара во рок од 3 дена да се произнесе по истата и до Комисијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Министерството за правда до Комисијата достави Одговор по жалба бр.19-3146/4 од 11.11.2013 година, заведен во Комисијата под бр.07-528 на 13.11.2013 година.

Во Одговорот на Жалбата е наведено дека „..Министерството за правда го одби пристапот до бараната информација, поради тоа што процесот на евалуацијата на спроведувањето на Конвенцијата на ОН против корупција, е во тек. Министерството за правда, оцени дека објаввањето на податоците од бараната информација би можело да доведе до создавање на нецелосна и погрешна слика за состојбата во однос на спроведувањето на Конвенцијата на ОН против Корупција (УНКАК) во Република Македонија. Нецелосните информации, итото така, би можеле да доведат и до создавање на нецелосна слика и за активностите што ги преземаат органите и институциите во земјата во борба против корпуцијата воопшто. Министерството за правда, по направениот тест на

штетност, оценило дека сликата што би се создала од погрешното разбирање на ситуацијата доколку се овозможи пристап до податоците во оваа фаза, може да предизвика поголема штета за Република Македонија отколку ако тие останат недостапни за барателот и јавноста. Активностите и мерките што се преземаат во однос на борбата против корупцијата не смеат во домашната и меѓународната јавност да бидат доведени во прашање, бидејќи тоа би можело да влијае врз севкупната оценка за нашата земја во напорите за ЕУ и НАТО интеграција и етаблирањето на Република Македонија како држава во која се почитуваат законите и владеењето на правото."

Исто така, Министерство за правда до Комисијата го достави Решението бр.19-3146/2 од 25.09.2013 година, со кое постапката по Барањето бр.19-3146/1 доставено од Здружението Транспаренси Интернешнл – Македонија, се одбива, со образложение дека „..Министерството за правда го разгледа Барањето за пристап до информации и констатира дека не може да одобри пристап до бараната информација, поради тоа што процесот на евалуацијата на спроведувањето на Конверенцијата на ОН против корупција, е во тек".

По разгледувањето на Жалбата, Решението на Министерство за правда и другите списи во врска со предметот, Комисијата утврди дека Решението на Министерство за правда 19-3146/2 од 25.09.2013година е правилно и врз закон засновано, а наводите во Жалбата се неосновани од следните причини.

Министерство за правда во врска со наведениот предмет правилно ја утврдило фактичката состојба и правилно ги применило одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Комисијата утврди дека Министерство за правда при постапување по барањето правилно постапило и со оглед на тоа што се работела за информација која претставува исклучок од слободниот пристап, донело Решение за одбивање на пристапот. Во образложението на оспореното Решение не е наведен тестот на штетност, но во Одговорот на жалба имателот ги образложил причините поради кои го одбил пристапот до бараните информации и го спроведол тестот на штетност, исто така ги навел и последиците кои ќе настанат со објавување на тие информации.

Поради ова, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

Решено во Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер на 13 декември 2013 година, под бр. 07-528.

**Претседател,**
**Пепе Ташевски**